Доколку имате желба да бидете дел од успешен тим и сакате да ги остварите своите амбиции и визија, доколку сте креативни, посветени, насочени кон постигнување резултати и размислувате долгорочно, станете дел од една од најуспешните компании во земјата

ТИТАН УСЈЕ АД Скопје
дел од ГРУПАЦИЈА ТИТАН

објавува оглас за вработување на

Машински инженер во одржување
Избраниот кандидат ќе биде дел од тимот за машинско одржување на опремата применувајќи ги најдобрите методи за превентивно и предиктивно одржување, планирање и распоред на активности за редовно одржување, подготовка на извештаи, оптимизација на залихи на резервни делови, учество во подготовка и имплементација на нови проекти. Ќе биде задолжен за планирање, координирање, изведба и контрола на зафати за машинско одржување инспекции и проверки на опремата, како и учество во ремонти и други поголеми зафати на опремата според меѓународните и најдобрите технички стандарди, компаниските процедури, следејќи ги националните БЗР законски регулативи и заштита на животната средина. Планира и подготвува проекти поврзани со инвестиции, активно учество во анализа за детектирање на причините за дефект на опремата, се грижи за собирање и систематско документирање на секаков вид на документација за опремата, техничка валидизација на завршени активности од надворешни фирми.
Компанијата обезбедува платена исхрана, колективно приватно здравствено осигурување и други бенефиции, како бонус за успешно работење.

Квалификации:
• ВСС/VII степен образование, Машински факултет
• Работно искуство од 2 години во одржување ќе се смета како предност
• Искуство во работа со SAP ќе се смета за предност
• Одлично познавање на MS Office
• Одлично познавање на англиски јазик

Конкурентски предности:
- Безбедносно однесување
- Техничка експертиза
- Превентивно, предвидливо, проактивно одржување
- Планирање и организирање
- Флексибилност и адаптибилност во тимското работење

Кандидатите треба да ја приложат и следнава документација:
1. Мотивациско писмо на англиски јазик
2. Биографија (CV) на англиски јазик
3. Доказ за завршено образование

ШТО НУДИМЕ

о Атрактивен пакет за наградување и бенефиции, вклучувајќи:
о Стимулации и бонуси
о Бенефиции за благосостојба: приватно здравствено осигурување, бесплатни спортски активности, бесплатен оброк, бесплатни правни и финансиски консултации
о Максимален износ на регрес за годишен одмор
о Родителски и семејни бенефиции
о Можности за развој на кариера и обука
о Позитивна работна средина.

Огласот трае 10 (десет) дена од денот на објавувањето.
Кандидатите треба да ги исполнуваат општите услови предвидени со Закон. Вработувањето е на определено време до 6 (шест) месеци, со можност за продолжување на неопределено.
ТИТАН УСЈЕ обезбедува еднакви можности за вработување и позитивно ги поттикнува соодветно квалификуваните кандидати без оглед на пол, раса, попреченост, возраст, сексуална ориентација, религија или убедување.

Аплицирањето може да се врши само на веб страницата на ТИТАН УСЈЕ https://www.usje.mk .

Сите апликации ќе се сметаат строго доверливи.

Контактирани ќе бидат само кандидатите избрани за интервју.